**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од единаесеттата (тематска) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 19.3.2019 година

Скопје, март 2019 година

З А П И С Н И К
од единаесеттата (тематска) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 19.3.2019 година

Седницата започна во 12:40 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Виктор Митевски, Министерство за финансии; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Суеда Бајрами, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Мимоза Богданоска-Јовановска, Македонско научно друштво Битола; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово, Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје, Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Миљазим Мустафа, Министерство за правда; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Гордана Ивановска-Велковска, Министерство за култура; Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје и Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа и: Соњица Тавиќ, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Васка Драшковиќ, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, (замена на Марио Јанчев); Марија Савовска, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје (замена на Ирена Цветковиќ); Маја Петковска-Лесес, Кабинет на Роберт Поповски, министер без ресор во Владата, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат:

Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска и Загорка Видоевска.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од десеттата седница на Советот, одржана на 7.3.2019 година

1. Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства 2019 година
2. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор
3. Прашања и предлози

*

*     *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор едногласно и без забелешки го усвои записникот од десеттата седница.

Согласно заклучоците од десеттата седница, Советот ги утврди Барањето до Министерството за правда за известување за методологијата и временската рамка за измена на Законот за здруженија и фондации, како и Барањата за обезбедување присуство на седници на членовите на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор до: Министерството за внатрешни работи; Министерството за правда; Министерството за здравство; Министерство за образование и наука; Министерството за труд и социјална политика; Министерството за култура; Министерство за животна средина и просторно планирање; Секретаријатот за европски прашања; Агенцијата за млади и спорт; Здружението Центар за истражување и информирање за животната средина Екосвест; Здружението за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје; Здружението на новинарите на Македонија Скопје; Коалицијата на младински организации Сега Прилеп и Центарот за Економски Анализи –ЦЕА.

*

*     *

**<u>Точка 1</u>**

Претседателката на Советот Фани Каранфилова Пановска накратко ја презентираше Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од

Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства 2019 година, како почетна точка за размислување во насока на реализација на мерка 6 од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020: Воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти. Претседателката побара информацијата да биде дополнета со податоци за: број на јавни повици за кои граѓанските организации биле консултирани во процесот на програмирање, број на јавни повици за кои граѓанските организации учествувале во процесот на евалуација на апликациите, причини за доделување средства без објавување на јавен оглас, како и споредбени податоци за финансиска поддршка на граѓански организации во други земји, имајќи предвид дека во нашата земја во 2018 година биле доделени околу 7 милиони евра за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

Јасна Мандиќ истакна дека има две главни забелешки во однос на начинот на финансирање на граѓанските организации, кои се однесуваат на потребата за проширување на опсегот на корисници на финансиски средства преку отстранување на ограничувачките фактори за аплицирање на јавен оглас и потребата за зајакнување на контролата на трошењето на средствата, односно процесот на мониторинг. Дополнително, предложи да се унифицираат критериумите за финансирање и да се размисли за воведување дата-база на податоци која ќе служи како филтер за проверка дали апликантите добиле средства од други институции.

Уранија Пировска препорача институциите да имаат редовни средби со граѓанските органцизации со цел поблиску да се запознаат со нивната работа, како и да ги консултираат истите пред објавување на јавни повици, по примерот на моделот кој го применуваат странските организации. Сузана Никодијевиќ-Филиповска појасни дека според препораките од тематската ревизија на Заводот за статистика во 2008 година, потребно е точно да се знае бројот и висината на грантовите за финансиска поддршка.

Елизабета Божиновска додаде дека принципот на одвојување на финансиски средства за поддршка на граѓанските организации мора да биде централизиран на ниво на приоритети. Исто така, препорача дека Министерството за здравство треба да извести до каде е процесот на прифаќање предлози за подзаконски акти за новиот Закон за здравствена заштита, како и можноста за обезбедување финансиска поддршка на граѓанските организации во моментот на склучување на договорите.

Сабина Факиќ истакна дека транспарентноста е широк поим кој ги вклучува сите чекори, од објавување на јавни повици, па се до начин на избор и јасно и прецизно објавување на одлуките. Истовремено препорача јавно објавување на податоци за финансирање во 2019 година за сите институции, како и јасно разграничување на професионалните здруженија од невладините организации.

Силвија Митевска посочи дека треба да се преземат чекори за заживување на граѓанскиот сектор во областа Спорт, имајќи предвид дека сите граѓански организации од оваа област се спортски федерации.

Марјан Николов сподели информации од компаративна анализа за финансирањето на граѓанските организации во Република Хрватска, Србија и Црна Гора и препорача

Министерството за финансии да го разгледа прашањето за подобрување на квалитетот на буџетските аналитичари со цел да се постигне квалитетно финансирање, каде мисиите на организациите ќе бидат на иста линија со целите на институциите.

Марија Савовска потенцираше дека потребно е да се издвојат: јавното финансирање на услуги од финансирањето на здруженија; проектната и програмската поддршка; финансирањето на централно ниво и финансирањето на локално ниво.

Јане Чаловски и Соњица Тавиќ се согласија околу идејата дека законските измени се неизбежни во насока на подобрување на системот на финансирање.

Софија Кузмановска побара во иднина барањата за доставување на податоци за финансирање да се доставуваат до членовите на Советот. Исто така, додаде дека во Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства 2019 година нема потреба да стои податокот за планираните 10.500.000,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Министерството за економија.

Ели Чакар предложи Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации да се разработи во форма која Владата ќе ја усвои, а потоа министерствата да се задолжат за негова задолжителна примена.

Виктор Митевски појасни дека при правењето на компаративни споредби за финансирање треба да се има во предвид буџетот на земјата со која се прави споредба. На пример, Република Хрватска на буџет од 24 милијарди долари, за поддршка на граѓански организации обезбедила 9.7 милиони долари, односно 0,3% од Буџетот. Според истата аналогија, Република Северна Македонија на буџет од 3 ,7 милијарди долари, за поддршка на граѓански организации обезбедила околу 7 милиони долари, односно 0,2% од Буџетот. (Вкупната сума за финансирање на граѓански организации во Република Хрватска изнесувала 70 милиони долари, меѓутоа во овој износ се вклучени директните грантови, кофинансирањето на структурните фондови и финансиските средства обезбедени од страна на Националната фондација за развој на граѓанскиот сектор која не е целосно финансирана од Буџетот).

Лилјана Јоноски препорача податоците за финансирање на граѓанските организации да бидат јавно објавени на веб-страниците на институциите и да се воспостави инклузивност во однос на објавувањето на повици за финансиска поддршка.

Заклучоци:

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ја разгледа Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства 2019 година, подготвена од Одделението за соработка со невладини организации.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства 2019 година да ја дополни со подетални информации за финансирање на граѓански организации (објавени резултати од огласи за

финансиска поддршка, механизми за користење на доделени средства, учество на граѓански организации во комисии за евалуација, консултирање на граѓански организации при програмирање на јавни огласи, причини за доделување на финансиски средства без јавен оглас итн.)

3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да подготви Компаративна анализа за финансиска поддршка на граѓански организации за земјите од Западен Балкан и Европа.

**Точка 2**

Советот отвори дискусија по оваа точка.

Претседателката Фани Каранфилова-Пановска објасни дека поради честите отсуства на членовите на Советот, се ризикува кворумот за гласање и одлучување на истиот и поради тоа неопходна е измена на Одлуката за формирање на Советот.

Сашо Секуловски во однос на отсуствата на членовите го изнесе својот став дека поради работните обврски нема да биде во можност да присуствува на сите седници на Советот и дека е неопходно да се номинираат заменици на членовите. Исто така, побара од Одделението да не се закажуваат седници на Советот во четврток во 12:00 часот, кога претставниците министерствата задолжени за односи со јавноста имаат закажано координативен состанок во Владата.

Сафет Незири го подржа ваквиот став и додаде дека поради работните обврски и членување во разни тела на Владата, постои можност да не присуства на повеќе од три седници во годината. Марјан Николов се надоврза на дискусијата истакнувајќи дека поради честите службени патувања надвор до државата, постои ризик да ја исполни квотата од повеќе од три отсуства. Ана Чоловиќ-Лешоска потсети дека согласно Одлука за формирање на Советот, истиот ќе се состанува најмалку еднаш на три месеци и укажа на потребата да се направи план со фиксни термини за одржување на седниците. Јане Чаловски предложи да се воведат редовни и вонредни седници, така што редовните би се одржале еднаш на три месеци, а вонредните по потреба.

Ели Чакар потенцираше дека членовите на Советот се назначени од страна на Владата и нивното присуство е задолжително и даде предлог да се побара од институциите да се назначат заменици на членовите без право на глас, во исклучителни ситуации кога членовите не се во можност да присуствуваат.

Христина Конеска-Бероска со цел сликата за отсуства да биде појасна, предложи во Барањето за обезбедување присуство на седници на членовите, да се наведе колку пати членовите на Советот отсуствувале од вкупниот број на одржани седници во текот на 2018 година.

Претседателката Фани Каранфилова-Пановска ја стави на гласање Предлог-Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. Со 18 гласа за и еден против, Советот ја донесе Предлог- Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, која предвидува членувањето во Советот да престане поради отсуство од три седници во текот на една година.

Заклучоци:

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ја разгледа и усвои Предлог-Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации Предлог-Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, да ја достави до Владата на Република Северна Македонија.

<u>**Точка 3**</u>

По оваа точка Советот не отвори дискусија.

*

*   *

Седницата заврши во 15:50 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвиле: м-р Елпида Петковска и Загорка Видоевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска